# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## на општина Новаци

**Број 11/22**

**Излегува по потреба 13.10.2022 год. четврток бр.11 година XXVI**
**Ж-сметка 749014004563010 Депонент: Народна банка на Македонија**
**E-mail: opstina@opstinanovaci.gov.mk Примерок - 50 ден.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Стасутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19) донесувам

ЗАКЛУЧОК
за објавување на
Договор за меѓуопштинска соработка

1.Објавувам, Договор за воспоставување на меѓуопштинска соработка – заедничко вршење работи од надлежност на општините кои што се однесуваат за вршење на работи од надлежност на овластен проценител на недвижен имот од страна на општина Ресен во корист и за сметка на општина Новаци

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр. 08-919/1 Општина Новаци
13.10.2022 г. Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 9 и член 29 став 1,2 и 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија„ бр.79/09) член 50 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа(„Службен весник на Република Македонија„ бр.05/02), Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка на општина Ресен со општина Новаци со бр. 08-1969/16 од 31.08.2022 година(Службен гласник на општина Ресен бр. 10/ 22 од 31.08.2022 година) и Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка на општина Новаци со општина Ресен со бр. 14-855/9 од 23.09.2022 година ( Службен гласник на општина Новаци бр. 10/22 од 28.09.2022 година ) Градоначалникот на општина Новаци Стевче Стевановски и Градоначалникот на општината Ресен Јован Тозиевски на ден 05.10.2022 година,склучија:

**Д О Г О В О Р**
**за меѓуопштинска соработка**

**Член 1**

Предмет на овој договор е воспоставување на меѓуопштинска соработка - заедничко вршење работи од надлежност на општините кои што се однесуваат за вршење на работи од надлежност на овластен проценител на недвижен имот , од страна на Општина Ресен во корист и за сметка на Општина Новаци

**Член 2**

Општината Ресен во корист и за сметка на Општина Новаци преку својот овластен проценител на недвижен имот ќе ги врши работите на овластен проценител на недвижен имот, во областа на проценката на недвижен имот за определување на пазарната вредност на градежното и земјоделско земјиште на територијата на Општина Новаци.

Овластениот проценител на недвижен имот, во областа на проценката на недвижен имот својата работа ќе ја извршува согласно закон и подзаконски акти .

**Член 3**

Општината Новаци ќе ги сноси направените трошоци поврзани со меѓуопштинската соработка односно трошоците кој ќе произлезат од вршењето на работите овластениот проценител на недвижен имот во областа на проценката на недвижен имот на Општина Ресен на начин што ќе изврши уплата на сметката на Општина Ресен за секој завршен предмет износ од по 1.000,00 (илјада)денари.

**Член 4**

Оваа меѓуопштинска соработка се воспоставува за период една година, почнувајки од денот на потпишување на договорот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Ресен

**Член 5**

Овој договор може да се раскине по слободна волја на една од договорните страни, по претходно известување на другата договорна страна во рок од 30дена пред раскинувањето.

**Член 6**

Договорните страни се согласни евентуалните спорни односи да ги разрешуваат на спогодбенначин, авокраенслучај пред надлежен суд во Битола.

**Член 7**

Овој договор е склучен во 6 примероци по три за двете договорни страни и истиот ќе биде објавен во „Службен весник на Република Македонија,“ на терет на Општина Новаци.

Општина Новаци Општина Ресен
Градоначалник Градоначалник
Стевче Стевановски Јован Тозиевски

**С О Д Р Ж И Н А :**

1. Заклучок за објавување на  Договор за меѓуопштинска соработка

**Издава :** Совет на општина Новаци
**Печати :** Совет на општина Новаци

**Тираж:** 20 примероци

**Редакција:**
Ангелевски Стевче - секретар

**Редакциски одбор:**
Јовановска Летка
Лозановска Николина